КБ
ПРВО
ПЕНЗИСКО
ДРУШТВО

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk

# Јуни **2022**




# **МЕСЕЧЕН** ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ДВИЖЕЊА


Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е
Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
**www.mapas.mk** **02/3224-229**

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Сè почестите предвидувања за можна рецесија на глобалната економија, придружени со високите стапки на инфлација и геополитичките тензии доведоа до пад на пазарите на капитал во месец јуни.

Глобалниот индекс MSCI ACWI во текот на месецот се намали за 8,58%, со што вредноста на индексот од почетокот на годината е помала за 20,94%. Сите региони во текот на месецот имаа пад на вредноста, а најголем пад имаа американските акции (мерени преку S&P 500 индексот) со пад од 8,39%, кои пак од почетокот на годината ја намалија вредноста за 20,58%.




MSCI ASIA - PACIFIC - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија-Пацифик
MSCI EMERGING MARKET - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој
STOXX 600 - Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 - Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI - Светски индекс на акции кои ги следи цените на акциите во 47 држави

*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ

Во текот на месецот вредноста на МБИ 10 индексот се намали за 3,47%. Најголем раст во текот на јуни имаа акциите на Стопанска Банка Скопје со пад од 7,83% и НЛБ Банка со пад од 7,09%, а раст имаа само акциите на ТТК Банка.  Од почеток на годината најголем пад имаа акциите на НЛБ Банка со пад од 15,05% и Макпетрол со пад од 9,30%, а раст имаа само акциите на Македонски Телеком.






*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Континуирано високата стапка на инфлација и постепеното затегнување на монетарната политика на  централните банки доведе до раст на приносите споредено со нивото на почетокот на годината. На крајот на месецот, највисок принос од анализираните обврзници имаа македонската со принос од 6,87%, додека јапонската десетгодишна обврзница има најнизок принос од 0,23%.






**Приносот се однесува на евро обврзница со датум на доспевање со 03/10/2028*
*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

После големиот пад на почетокот на војната во Украина, руската рубља (RUB) целосно ја врати изгубената вредност во однос на еврото и го надмина нивото од почеток на годината за значителни 50,43%. Од останатите валути значаен раст на вредност во однос на еврото имаше американскиот долар (USD) и швајцарскиот франк (CHF) чии вредности за месецот се зголемија за дополнителни 2,87% и 2,38% соодветно, а значаен раст на вредноста во однос на еврото имаше јапонскиот јен (JPY) кој ја намали вредноста за дополнителни 2,93%.




*Извор: Блумберг*